**Г р а д   С к о п ј е**

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за заштита на животната средина

**Претставник:** Соња Цветковиќ Чолакова, Раководител на Секторот

**Поверенник:** Никола Јовановски, Помошник раководител на Секторот

# Предлог - Програма за субвенционирање на граѓаните за купување електрични тротинети во 2022 година

Скопје, март 2022 година

ПРЕДЛОГ

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) Советот на Град Скопје, на _______________________ седница одржана на ____ 2022 година, донесе

**ПРОГРАМА**
**за субвенционирање на граѓаните за купување електрични тротинети во 2022 година**

## 1. Вовед

Предмет на оваа Програма е субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година, преку надоместување на трошоците направени при купувањето.

Со оваа Програма се појаснуваат причините за субвенционирање, се утврдуваат начинот и условите за спроведување на активностите за субвенционирање и нивното финансирање.

Субвенционирањето на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети е активност предвидена во мерките од Планот за подобрување на квалитетот на воздухот и е дел од мерките во ЛЕАП 3 на Град Скопје 2020-2026 година.

## 2. Причини за донесување на Програмата

Најголемиот проблем во областа на заштитата на животната средина, со кој се соочува Градот Скопје, е нарушениот квалитет на амбиентниот воздух во градот, особено со партикуларните честички ($ПМ_{10}$ и $ПМ_{2,5}$). Според податоците од Министерството за животна средина и просторно планирање една од поголемите причини за емисија на овие честички е сообраќајот, поточно емисиите кои произлегуваат од согорувањето на фосилните горива во моторните возила.

## 3. Предности на користењето на електрични тротинети

Давањето субвенции при купување на електрични тротинети иницира поголем број граѓани да се одлучат да користат алтернативен начин на превоз, со кој ќе се намали загадувањето на воздухот во град Скопје и ќе се намалат трошоците за превоз на граѓаните.

Предноста на електричниот тротинет во однос на користењето на автомобилот е што овој начин на превоз е поекономичен, а во однос на другите видови јавен превоз е што корисникот сам ги креира своите рути на движење и термините на тргнување и пристигнување на саканата локација.

Сите овие карактеристики на превозно средство и можноста на секој поединец преку изборот за електричен тротинет да е вклучен во намалувањето на полутантите во амбиентниот воздух ја оправдува мерката за субвенционирање на граѓаните при купување на електричен тротинет.

## 4. Цел на Програмата

Програмата има цел за постигнување на подолгорочни ефекети за намалување на загадувањето на воздухот кое потекнува од сообраќајот, преку поттикнување на населението за користење на алтернативни видови превоз и подигање на јавната свест за можностите на секој поединец да даде придонес кон заштита на животната средина.

## 5. Начин на спроведување на Програмата

Доделувањето на субвенциите ќе важи исклучиво за граѓаните чие место на живеење е на подрачјето на град Скопје, се однесува на десетте скопски општини Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, а истото ќе се реализира преку спроведување на следните активности:

-  Донесување на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на Градот Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година од страна на Советот на Град Скопје;
-  Изготвување на Правилник за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година;
-  Формирање Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година;
-  Објавување на Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година, на веб страната на Град Скопје и во печатени и електронски медиуми;
-  Електронско поднесување на барања од граѓаните за добивање субвенција преку пополнување на образец, изготвен за таа намена, кој содржи податоци за барателот што се пријавува на повикот;
-  Проверка на пристигнатите барања и потребната документација од страна на Комисија формирана за таа намена;
-  Исплата на субвенциите;

Исплатата на средствата ќе се врши сукцесивно, според редот на пристигнати барања се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

Град Скопје, во зависност од динамиката на пристигнување на барањата, периодично ќе ја известува јавноста за преостанатите средства, до крајот на повикот, односно до исцрпување на средствата предвидени за исплата.

## 6. Услови за учество во јавниот повик за субвенционирање

При разгледување на барањата за субвенционирање, предвид ќе бидат земени оние во кои барателот ги исполнил следните услови:

- да има живеалиште на подрачјето на град Скопје (општините: Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари),
- да нема искористено субвенција за купување на електричен тротинет од Град Скопје,
- новиот електричен тротинет да го купи во Република Северна Македонија од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик.

Исполнување на условите барателот го докажува со поднесување на следната документација:

- пополнето барањето за субвенција за купување на еден електричен тротинет со личните податоци (аплицирањето ќе биде електронски достапно преку интернет страницата на Градот Скопје www.skopje.gov.mk),

- прикачена скенирана нотарски заверена изјава дека е согласен неговите лични податоци да се користат исклучиво за ова субвенционирање (пример на изјавата ќе биде објавен на интернет страницата на Градот Скопје: www.skopje.gov.mk);
- прикачена слика од трансакциска сметка на барателот ,
- доказ дека е извршено купување на еден нов електричен тротинет од Република Северна Македонија, и тоа со прикачување на слика од фискална сметка издадена во Република Северна Македонија, со датум од 01.01.2022 година се до исцрпувањето на буџетот наменет за Јавниот повик, при што задолжително е електричниот тротинет да е целосно отплатен и плаќањето на рати не се прифаќа.

**7. Начин и рок на пријавување**

- Барателите за поврат на средствата од трошоците направени при купување на електрични тротинети во 2022 година, треба да го пополнат и прикачат барањето со останатата потребната документација на страната за аплицирање, односно преку интернет страницата на Градот Скопје: www.skopje.gov.mk.
- Јавниот повик ќе се објави по влегување во сила на Програмата за субвенционирање на граѓаните за купување на електрични тротинети во 2022 година а ќе трае до исцрпување на средствата.

**8. Финансирање на Програмата**

Субвенционирањето на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување на електрични тротинети во 2022 година ќе се финансира од Буџетот на Град Скопје, Програма Р1 – Заштита на животната средина, Буџет на Сектор за заштита на животната средина Р1 – тековно оперативни расходи, ставка 464, конто 464990 во износ од 3.000.000,00 денари, со вклучен персонален данок на доход.

Средствата ќе се користат за делумен надомест на средствата на граѓаните на град Скопје направени при купување на електрични тротинети, поточно за купување на еден нов електричен тротинет, во износ од 30% од вредноста на електричниот тротинет, но не повеќе од 8.000,00 денари по лице, со вклучен персонален данок на доход.

**9. Извршител на Програмата**

За реализирање на Програмата за субвенционирање на граѓаните за купување електрични тротинети во 2022 година е задолжен Секторот за заштита на животната средина, Секторот за сообраќај и Секторот за финансиски прашања.

**10. Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Град Скопје.

Бр. ____________
____________година

С К О П Ј Е

СОВЕТНА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

**Образложение**

Правен основ за донесување на предложената програма е членот 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02“),каде е наведена надлежноста на Советот на Град Скопје.

За спроведување на Програмата, Град Скопје ќе:

- донесе на Одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на граѓаните на Градот Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година од страна на Советот на Град Скопје;
- изготви Правилник за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година;
- формира Комисија за спроведување на постапката за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година;
- објави Јавен повик за субвенционирање на граѓаните на подрачјето на град Скопје за купување електрични тротинети во 2022 година, на веб страната на Град Скопје и во печатени и електронски медиуми;
- го спроведе јавниот повик
- врши сукцесивна исплата на средствата, според редот на пристигнати барања по дата и време, се до исполнување на предвидениот буџет за оваа намена.

Поаѓајќи од изнесеното, се предлага на Советот на Град Скопје да ја донесе Програмата за субвенционирање на граѓаните за купување електрични тротинети во 2022 година.